Р Е П У Б Л И К А   С Е В Е Р Н А   М А К Е Д О Н И Ј А
**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**Самостојна висока стручна школа**
**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС**
**Скопје**

# П Р А В И Л Н И К

**за условите, критериумите, постапката и правилата**
**за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС**

**- ПРАВИЛНИК ЗА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА БАС -**

**Скопје, февруари 2019**

Врз основа член 60 став 1 алинеја 15 од Статутот на БАС и врз основа на Предлог Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии на БАС (дел. бр. 0205-87/5 од 20.02.2019 година), Органот на основачи на БАС на ден 21.02.2019 година го донесе следниов

# Правилник
# за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС

## 1.ОПШТИ ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Бизнис академијата Смилевски – БАС (во натамошниот текст БАС).

**Член 2**

(1) Вториот циклус на стручни студии на БАС се остварува според акредитирани студиски програми, а во согласност со Законот за високото образование, Статутот на БАС, овој Правилник и другите општи акти на БАС.

(2) Студиските програми на втор циклус на студии се со времетраење од 1 (една) година и со нивно завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

(3) БАС врши високообразовна дејност во научно подрачје 5. Општествени науки, научното поле 5.06 Организациони науки и управување (менаџмент), во научна област која е предвидена со студиските програми на втор циклус на студии на БАС.

**Член 3**

(1) БАС може да врши високообразовна дејност како специјалистички стручни студии од втор циклус, согласно Законот за високо образование и Статутот на БАС.

(2) Стручните студии ги оспособуваат студентите за градење на професионална кариера преку стекнување стручни високообразовни квалификации согласно пазарот на трудот.

(3) По завршувањето на стручните студии се издава диплома со која се потврдува завршувањето на студиите и стекнувањето на одреден стручен назив.

(4) Вториот циклус на студии е во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити (ЕКТС), според кој за една година се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

(5) На БАС соодветно се применуваат одредбите од Законот за високо образование што се однесуваат на Висока стручна школа.

# 2.УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАПИШУВАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА БАС

## 2.1. Право на запишување на втор циклус на студии на БАС

**Член 4**

(1) На втор циклус на студии на БАС може да се запишат кандидати кои завршиле соодветни студиски програми од прв циклус на стручни, односно академиски студии, односно кандидати кои завршиле тригодишни студии на прв циклус на студии и се стекнале со 180 ЕКТС и кандидати кои завршиле четиригодишни студии на прв циклус на студии и се стекнале со 240 ЕКТС и кои ги исполнуваат условите предвидени со Закон, Статутот на БАС, овој Правилник и конкурсот за запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС.

(2) На втор циклус на студии на БАС може да се запишат кандидати кои завршиле и несоодветни студии од прв циклус, при што за запишување се пропишува посета на подготвителен курс/ подготвителни курсеви утврдени со овој Правилник, како и со самата студиска програма на која студентот се запишува.

**Член 5**

(1) На втор циклус на студии на БАС може да се запишат кандидати кои се државјани на Р. Северна Македонија и своето образование го завршиле во Р. Северна Македонија; кандидати кои се државјани на Р. Северна Македонија и своето образование го завршиле во странство; кандидати странски државјани со завршено високо образование на високообразовните установи во Р. Северна Македонија или во странство.

(2) Државјанин на Р. Северна Македонија или странски државјанин кој го завршил претходното образование или дел од претходното образование во странство, може да се запише на втор циклус на студии доколку му се признае образовната квалификација од првиот циклус на студии стекната во странство согласно Законот за високото образование.

**Член 6**

(1) На втор циклус на студии на БАС може да се запише кандидат странски државјанин со примена на начелото на заемност.

(2) На втор циклус на студии на БАС може да се запише и кандидат без државјанство под исти услови како и државјаните на Р. Северна Македонија.

**Член 7**

(1) Право на запишување на втор циклус на студии на БАС имаат и студенти од други високообразовни установи, како и дипломирани лица со посебна постапка за трансфер на кредити, односно признавање на претходно положени испити. Право на запишување на втор циклус на студии на БАС имаат и кандидати - студенти кои преминуваат од една на друга високообразовна установа, односно од едни на други студиски програми во истата или од друга високообразовна установа со постапка за трансфер на кредити, односно признавање на претходно положени испити.

(2) Право на запишување на втор циклус на студии на БАС имаат и кандидатите – студенти кои преминуваат од една во друга високообразовна установа, односно од едни на други студиски програми во истата или од друга високообразовна установа од првото затворање на матичната книга до нејзино второ затворање и при тоа ги користат предностите на кредит трансфер системот, како и под други услови предвидени со Закон и подзаконски акти.

(3) За утврдување на соодветноста на предметните програми и студиските програми за трансфер на кредити, Наставничкиот совет на БАС формира посебна комисија составена од тројца наставници. Комисијата врши признавање на кредити од друга предметна програма само доколку утврди дека резултатите кои студентот ги постигнал во процесот на учење на другата студиска програма, односно високообразовна установа, ги задоволува барањата на предметната програма на која го врши трансферот и доколку студентот се стекнал со потребните компетенции кои се потврдени со позитивна завршна оценка.

(4) Условите, постапката и начинот на пренесување на ЕКТС кредити и премин од една на друга студиска програма или од една на друга високообразовна установа се утврдени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма, односно од една на друга високообразовна установа.

**Член 8**

(1) Висината на школарината и уписнината за студентите на втор циклус на студии ја одредува Органот на основачи на БАС.

(2) Висината на школарината и уписнината за студентите на втор циклус на студии кои се странски државјани ја одредува, исто така, Органот на основачи на БАС.

## 2.2. Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на втор циклус на студии на БАС

**Член 9**

(1) Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на втор циклус на студии на БАС донесува Наставничкиот совет на БАС. Бројот на студентите не може да биде поголем од бројот утврден со решението за акредитација на студиските програми на БАС.

(2) Врз основа на утврдениот број на студенти кои се запишуваат на втор циклус на студии на БАС, Наставничкиот совет на БАС донесува одлука за објавување на јавен конкурс за запишување на втор циклус на студии на БАС.

## 2.3. Начин на запишување на втор циклус на студии на БАС

**Член 10**

(1) Начинот на запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува БАС, најмалку пет месеци пред започнувањето на наставата.

(2) Конкурсот за запишување на студентите се објавува во еден дневен весник и на интернет страницата на БАС.

(3) Конкурсот за запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС треба да ги содржи следниве информации:

1) Назив и адреса на БАС;
2) Назив на студиската програма;
3) Место на изведување на студиската програма;
4) Времетраење на студиите;
5) Услови на запишување;
6) Предвиден број на слободни места за запишување на втор циклус на студии;
7) Постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите;
8) Висината на школарината и уписнината што е должен студентот да ја плати.

(4) Кандидатите за запишување на втор циклус на студии на БАС, пријавата за запишување на втор циклус на студии заедно со потребната документација наведена во конкурсот ја доставуваат до седиштето на БАС или до местата каде БАС врши високообразовна дејност надвор од своето седиште.

## 2.4. Постапка за селекција на кандидатите при запишување на втор циклус на студии на БАС

**Член 11**

(1) БАС ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за запишување на втор циклус на студии на начин на кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, род, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

**Член 12**

(1) Наставничкиот совет на БАС може да одлучи кои студиски програми за високо образование ќе бидат соодветни за запишување на втор циклус на студии на соодветна студиска програма на БАС.

**Член 13**

(1) Во случај на пријавување на поголем број кандидати од бројот утврден со конкурсот, при изборот на кандидатите за прием, се врши рангирање на кандидатите според постигнатиот успех од првиот циклус на студии.

(2) Ранг листата на примените кандидати за втор циклус на студии се објавува на интернет страницата и на огласните табли на БАС.

(3) Кандидат што остварил право на запишување на втор циклус на студии, а во предвидениот рок не се запишал, го губи правото на запипшување и на негово место право на запишување добива следниот кандитат од ранг листата од став (2) на овој член.

## 2.5. Комисија за пријавување и запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС

**Член 14**

(1) Постапката за запишување на кандидатите на втор циклус на студии на БАС ја спроведува Комисија за пријавување и запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС која ја формира Наставничкиот совет на БАС заедно со донесувањето на Одлуката за објавување на јавен конкурс за запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС.

(2) Комисијата за пријавување и запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС ја сочинуваат: Заменик директорот на БАС, еден наставник, деловниот секретар и еден референт за студентски прашања на БАС. Заменикот директор на БАС е во функција на претседател на Комисијата за пријавување и запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС.

(3) Надлежности на Комисијата за пријавување и запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС се:

1) го подготвува текстот на Конкурсот за запишување на студенти за втор циклус на студии на БАС во соодветна студиска година и го објавува во јавен весник;
2) ја води постапката за пријавување по објавување на конкурсот за запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС за студиската година;
3) води грижа за реализација на постапката за пријавување и селекција на кандидати;
4) врши проверка и обработка на примените документите од кандидатите за запишување;
5) ги упатува барањата за трансфер на кредити до Комисијата за трансфер на кредити;
6) ја проверува и утврдува соодветноста на студиските програми од завршениот прв циклус на студии на пријавените кандидати;
7) ја организира и води постапката за реализирање на подготвителниот, односно подготвителните курсеви за оние кандидати кои немаат завршено соодветна студиска програма на прв циклус на студии;
8) води евиденција на пријавени и запишани студенти;
9) поднесува извештај за примените кандидати до Наставничкиот совет на БАС по завршувањето на секој уписен рок;
10) ја истакнува листата на примени кандидати на огласните табли и на интернет страницата на БАС по усвојување на листата од страна на Наставничкиот совет на БАС, за секој уписен рок;
11) решава во првостепена постапка по приговори од кандидатите;
12) врши други работи утврдени со овој Правилник, Статутот на БАС и Законот за високото образование.

## 2.6. Право на приговор по постапката за запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС

**Член 15**

(1) Кандидатите за студирање на втор циклус на студии на БАС имаат право на приговор за исправноста на постапката за селекција на кандидатите, што го доставуваат до

Комисијата за пријавување и запишување на втор циклус на студии на БАС, во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите на огласните табли и на интернет страницата на БАС.

(2) Комисијата за пријавување и запишување на студенти на втор циклус на студии на БАС е должна да одлучи по приговорот на кандидатот во рок до 24 часа од неговото поднесување, односно наредниот работен ден.

(3) Доколку Комисијата од став 2 на овој член не може да донесе одлука по однос на одреден приговор, приговорот го доставува до Наставничкиот совет на БАС.

(4) Наставничкиот совет е должен да го разгледа приговорот на кандидатот, во рок од 24 часа од неговото доставување, односно наредниот работен ден.

(5) Одлуката на Наставничкиот совет е конечна.

## 2.7. Статус на студент на втор циклус на студии на БАС

**Член 16**

(1) Конечната одлука за запишани студенти на втор циклус на студии ја донесува Наставничкиот совет на БАС по завршувањето на секој уписен рок.

(2) Врз основа на одлуките од Наставничкиот совет се врши запишување на студентите на втор циклус на студии и заведување во матичната книга на запишани студенти на втор циклус на студии.

**Член 17**

(1) Со запишување на втор циклус на студии на БАС се стекнува статус на студент.

(2) Статусот на студент се докажува со индекс и студентска легитимација.

## 2.8. Уписнина, школарина и договор за школување на втор циклус на студии на БАС

**Член 18**

(1) Студентите на втор циклус на студии на БАС се запишуваат преку самофинансирање.

**Член 19**

(1) Износот на школарината и уписнината ги утврдува Органот на основачи на БАС.

(2) Со школарината се утврдуваат трошоците за студирање на втор циклус на студии на БАС.

(3) Уписнината претставува еднократен надоместок што студентите го плаќаат при запишување на студиите и потпишување на договорот за школување на БАС.

(4) Органот на основачи на БАС, под посебни услови, може да определи дел или целосно ослободување од плаќање на школарината на БАС за одредени категории на студенти.

**Член 20**

(1) Студентот запишан на втор циклус на студии на БАС склучува Договор за школување, со кој поблиску се утврдуваат меѓусебните права и обврски.

(2) Договорот за школување го потпишува Директорот на БАС или друго овластено лице од БАС.

**Член 21**

(1) По потпишување на Договорот за школување, студентот има обврска во рок од 5 (пет) работни дена да изврши уплата на уписнина чија висина е утврдена во Договорот за школување.

## 2.9. Права и обврски на студентот

**Член 22**

(1) Студентот има права и обврски кои произлегуваат од Законот за високо образование, Статутот на БАС, овој Правилник и другите општи акти на БАС.

(2) Студентот има право на:

1) Квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено со студиските програми;
2) Слободно искажување на мислење и ставови во текот на наставата и другите активности на БАС;
3) Право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците;
4) Редовно да напредува, да се образува и да го заврши студирањето под услови кои важеле при уписот;
5) Запишување и образование под еднакви услови утврдени со Законот, Статутот и студиската програма;
6) Учество во управувањето на БАС согласно со Законот за високо образование и Статутот на БАС;
7) Заштита на своите права и должности пред органите на БАС;
8) Заштита на личноста на студентот од злоупотреба на неговото достоинство.

(3) Студентот има право да:

1) Студира истовремено на повеќе студиски програми од различни специјалности и да изучува дополнителни курсеви;
2) Ги продолжи студиите на друга високообразовна установа ако БАС престане со работа;
3) Ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на БАС;
4) Учествува во научно-истражувачката и стручната дејност при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди;
5) Избира и да биде избран како претставник на студентите во органите на БАС;
6) Користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здравствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз, според условите утврдени со законот од вршителите на соодветните дејности;

7) Преминува од една на друга високообразовна установа, односно од едни на други студии и при тоа да ги користи погодностите на кредит системот;
8) Учествува во работата на Студентското собрание на БАС;
9) Учествува во формите на организирање на Студентското собрание на БАС утврдени со Статутот на БАС;
10) Ги продолжи студиите што ги прекинал под услови определени со Статут, овој Правилник или друг акт на БАС;
11) Добива државни и други стипендии или користи финансиски кредит за издршка за време на студирањето;
12) Остварува соработка со студентите во земјата и странство и
13) Остварува и други права согласно Законот, Статутот на БАС, овој Правилник и другите општо акти на БАС.

(4) Студентот има обврска да:

1) Ги исполнува задачите пропишани во студиските програми на втор циклус на студии на БАС;
2) Редовно да ја посетува наставата согласно правилата за студирање;
3) Да ги почитува одредбите од Законот за високо образование, Статутот на БАС и другите општи акти за внатрешно уредување;
4) се придржува кон решенијата и одлуките на органите на БАС;
5) дејствува согласно студентскиот етички кодекс на БАС.

**Член 23**

(1) Студентите кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шест годишна возраст и хоспитализираните студенти имаат право на дополнителни испитни рокови за завршно оценување.

(2) За студентите наведени од став (1) на овој член, Органот на основачи на БАС може да утврди и други дополни погодности за овие лица.

## 2.10. Мирување на правата на студентот

**Член 24**

(1) Студент може да поднесе барање до Наставничкиот совет на БАС за мирување на студиите поради подолготрајна спреченост за учество на студентот во наставниот процес предизвикано од различни причини:

1) здравствени причини – болест подолга од 1 (еден) семестар;
2) за време на бременост;
3) за време на породилно отсуство или со дете до 1 (една) година старост;
4) подолго отсуство од државата;
5) поради семејни причини;
6) за време на студентска размена подолга од 30 дена во која не се стекнуваат ЕКТС кредити;
7) за време на стручна пракса од најмалку 6 (шест) месеци;

8) поради неможност за исполнување на финансиски обврски согласно Договорот за школување и
9) поради други причини за чија оправданост одлучува Наставничкиот совет на БАС.

(2) Студентот од став (1) на овој член, треба да достави Барање за мирување и документ со кој ќе бидат утврдени причините за мирување на студиите.

(3) За мирување на правата на студентот од ставот (1) на овој член одлучува Наставничкиот совет на БАС за секој конкретен случај.

(4) Правата и обврските на студиите на студентот од ставот (1) на овој член може да му мируваат додека траат условите наведени во барањето. Доколку не е наведен периодот на мирување, мирувањето на студиите може да трае до 3 (три) години од денот на започнување на мирувањето. По истекувањето на овој период, студентот го губи статусот на студент. Наставничкиот совет подготвува Одлука за престанок на статусот на студент и ја доставува до студентот и се чува во досието на студентот.

(5) Студентот кој бара да ги стави студиите во мирување, должен е да ги подмири сите финансиски обврски за тековниот семестар за кој е запишан и за предметите кои ги слушал и за предметите кои ги полагал.

(6) Средствата кои биле уплатени, а неискористени како резултат на мирување, се пренесуваат во семестарот во кој студентот ќе продолжи со студирањето, освен доколку мирувањето трае повеќе од 3 (три) години, во тој случај средствата не се пренесуваат, односно студентот ги губи.

(7) Доколку студентот повеќе од еден семестар не посетува настава, а притоа не доставил барање за мирување на студии, во тој случај Наставничкиот совет на БАС по службена должност донесува одлука за мирување на студии со повторно право на активирање на студиите на барање на студентот, но притоа мирувањето не треба да биде подолго од 3 (три) години, во спротивно, студентот го губи статусот на студент.

(8) Студентите во мирување не влегуваат во вкупниот број на активни студенти на ниво на БАС.

(9) Доколку за време на мирувањето настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските (наставни и финансиски) што претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

(10) За време на мирувањето на обврските, студентот може да полага испити доколку за полагање на предметите ги исполнил предвидените наставни обврски и други обврски.

(11) Студентите на кои ќе им престане статусот на студент поради мирување подолго од предвиденото време (односно подолго од 3 години), покрај одлуката за престанок на статусот на студент, ќе добијат и исписница само за наставните предмети за кои се завршени наставните и финансиските обврски кон БАС, во спротивно нема да им се земе предвид ништо од дотогаш завршеното.

(12) По завршувањето на рокот за мирување наведен во Одлуката на Наставничкиот совет, студентот е должен да поднесе Барање за активирање на студиите до Наставничкиот совет на БАС во рок од 15 дена по истекот на рокот предвиден за мирување. Наставничкиот совет на БАС донесува Одлука за активирање на студиите со наведување на активностите

што студентот треба да ги преземе во тековниот семестар. Доколку студентот по истекот на рокот не поднесе барање за активирање на студиите, тогаш мирувањето му се продолжува до вкупен период од 3 (три) години вклучувајќи го и периодот кој веќе бил во мирување. Доколку студентот и во овој период не ги активира студиите, тогаш ќе се смета дека настанало прекинување на студиите и студентот го губи статусот на студент.

## 2.11. Престанок на статус на студент

**Член 25**

(1) На студентот му престанува статусот на студент на БАС доколку:

1) дипломира;
2) не ги заврши студиите во рокот утврден со Закон, Статутот на БАС и другите општи акти на БАС;
3) се испише на негово барање;
4) е исклучен од студиите од страна на БАС и
5) доколку студентот мирува повеќе од 3 години;
6) не ги заврши студиите од втор циклус во рок кој е за четири пати подолг од предвиденото времетраење на студиите;
7) доколку направил повеќе од една тешка дисциплинска повреда на БАС и
8) во други случаи кои се предвидени со Статутот на БАС и со Закон.

**Член 26**

(1) Статусот на студент може да биде обновен доколку лицето ги исполни условите поради кои му престанал статусот на студент на БАС, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување. Трошоците за обновување на статусот ги подмирува студентот согласно одлуката донесена од Наставничкиот совет на БАС.

(2) Доколку по обновувањето на статусот на студент, студиската програма е изменета или веќе не постои, тогаш студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во студиската програма. Во овој случај студентот е должен да ги подмири и финансиските разлики во изведувањето на студиската програма на која продолжува со студиите.

(3) За престанок и обновување на статусот на студент на БАС одлучува Наставничкиот совет на БАС. По одлуката на Наставничкиот совет, студентот има право на приговор до Управата на БАС. Одлуката на Управата на БАС е конечна.

## 2.12. Студент гостин

**Член 27**

(1) Студент гостин може да биде студент од друга високообразовна установа од земјата или од странство, кој запишува делови од студиска програма на БАС, во согласност со посебниот договор за признавање на ЕКТС кредити со високообразовната установа од каде што доаѓа студентот. Статусот на студент гостин трае најдолго еден семестар.

(2) Правата и обврските на студентот гостин, начинот на подмирување на трошоците за негово студирање, можноста за продолжување на студиите на БАС и други прашања поврзани со статусот на студентот гостин, се регулираат со договорот помеѓу високообразовните установи.

## 2.13. Паралелно студирање

**Член 28**

(1) Студент на БАС може да студира на две или повеќе студиски програми на втор циклус на студии истовремено (паралелно студирање) во рамките на БАС или на други високообразовни установи. Во овој случај, на студентот му се признаваат сите соодветни наставни предмети од студиската програма на која е првично запишан.

(2) За остварување на правото за паралелно студирање, студентот поднесува Барање за паралелно студирање до Наставничкиот совет на БАС. Со Барањето студентот приложува и уверение за положени испити на првата студиска програма. Наставничкиот совет на БАС одлучува по Барањето на студентот во консултација со Комисијата за трансфер на кредити. Положените испити на првата студиска програма се признаваат доколку комисијата за трансфер на кредити утврди дека резултатите кои студентот ги постигнал во процесот на учење на другата студиска програма, односно високообразовна установа, ги задоволуваат барањата на предметната програма на која го врши трансферот и доколку студентот се стекнал со потребните компетенции кои се потврдени со позитивна завршна оценка.

(3) Трансферот на кредити е регулиран со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма, односно од една на друга високообразовна установа.

(4) Правото за паралелно студирање на една дадена студиска програма на БАС, студентот може да го искористи само еднаш во текот на вториот циклус на студии.

(5) За потребите на паралелното студирање, БАС посебно ги прилагодува активностите предвидени со студиската програма.

(6) На дадена студиска програма, најголемиот број на студенти за паралелно студирање може да биде максимум до три студенти.

# 3. ОБЕМ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТУДИИТЕ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА БАС

## 3.1. Обем и организација на студиите за втор циклус на студии

**Член 29**

(1) Стручните студии од втор циклус траат една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС.

**Член 30**

(1) Студиската програма за втор циклус на стручни студии од 60 ЕКТС задолжително содржи обврска за изработка на специјалистички труд, како завршен дел на студиската програма за втор циклус на стручни студии.

**Член 31**

(1) Студиската година се организира во два семестри: зимски и летен.

(2) Зимскиот семестар за студентите на втор циклус на студии започнува првата недела во месец ноември, а почетокот на летниот семестар флексибилно се утврдува со распоредот на наставата.

(3) Наставата во секој семестар трае 18 недели.

(4) Наставата се реализира на принципот предмет по предмет, односно слушање на еден предмет, презентирање на проектен извештај, подготовка за испит, полагање на испит, па потоа се преминува на слушање на друг предмет.

(5) Наставата за задолжителните наставни предмети се реализира во 5 наставни средби по 3 наставни часа, часови за презентација на проектни извештаи (во зависност од бројот на студентите) и 1 наставен час за одржување на испитот.

(6) Наставата за изборните наставни предмети се реализира во 4 наставни средби по 3 наставни часа, часови за презентација на проектни извештаи (во зависност од бројот на студентите) и 1 наставен час за одржување на испитот.

(7) Испитот се полага мин. 1 недела по завршувањето на последната наставна средба.

(8) По завршувањето на обврските од еден наставен предмет, се преминува со реализација на следен наставен предмет предвиден со распоредот на настава.

(9) По исклучок наставата може да се реализира и менторски. За овој исклучок одлучува Наставничкиот Совет на БАС.

(10) Студентот кој не го положил или не го полагал испитот во предвидениот рок со распоредот за настава, испитот може да го пријави за полагање во некој од наредните редовни или дополнителни испитни рокови.

**Член 32**

(1) Наставата се организира и изведува врз основа на утврден распоред на часови кој го донесува Наставничкиот Совет на БАС.

(2) Точниот календар за организација и реализација на студиските програми за студиската година го изготвува, утврдува и објавува Наставничкиот совет на БАС, најдоцна 10 дена пред почетокот на наставата.

(3) Распоредот на часовите содржи: назив на студиската програма, семестар за кој се однесува, назив на предметот, време (ден, час) на одржување на наставата, место на одржување на наставата (вежбална, амфитеатар, лабораторија), име на наставник и други информации за наставата.

(4) За секој предмет, предметниот наставник изработува оперативна програма за наставата и должен е истата да ја постави на образовниот портал по соодветниот предмет, најдоцна 5 (пет) дена пред почетокот на наставата.

(5) Предметниот наставник должен е на првата средба од наставата да ги запознае студентите со оперативната програма за предметот, со основната и дополнителната литература за самиот предмет, со условите за здобивање на право за полагање и реализирање на проверката на знаењата по предметот, како и за обврските и задачите кои произлегуваат од предметот (проектни извештаи, презентации и сл.).

## 3.2. Студирање на далечина

**Член 33**

(1) Студентите на втор циклус на студии имаат можност да студираат и на далечина доколку ги исполнат условите и критериумите за студирање на далечина предвидени во Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за студирање на далечина за студентите од прв и втор циклус на студии на БАС.

## 3.3. Студирање преку синергирање

**Член 34**

(1) Студентите на втор циклус на студии имаат можност да студираат и преку синергирање. Синергирањето е форма на настава која опфаќа 5 консултативни наставни средби, по еден наставен час меѓу наставникот и студентот, за еден наставен предмет. По завршувањето на наставните средби и завршувањето на наставните и други обврски, студентот се здобива со правото да полага испит, и може да поднесе пријава за полагање на испитот.

(2) Испитот се полага минимум 1 недела по завршувањето на последната консултативна средба. Услов за полагање на испит е предаден и одбранет проектен извештај по соодветниот предмет.

(3) По завршувањето на обврските од еден наставен предмет, студентот преминува на следен наставен предмет. Доколку студентот не го положил или не го полагал испитот во договорениот испитен рок, тогаш испитот може да го пријави и да го полага во некој од наредните редовни или дополнителни испитни рокови.

(4) Студентот кој ќе се одлучи да студира целосно или дел преку начинот на синергирање треба претходно да поднесе барање до Наставничкиот совет на БАС. Наставничкиот совет одлучува по барањето.

(5) Студентот кој ќе се одлучи да студира целосно или дел преку начинот на синергирање треба претходно да поднесе барање до Наставничкиот совет на БАС. Наставничкиот совет на БАС одлучува по барањето на студентот.

(6) Студентите кои ќе се одлучат да студираат преку синергирање плаќаат дополнителни 50% на износот на школарината или на вредноста на кредитите по соодветниот предмет.

(7) Доколку студентот целата студиска програма ја реализира преку синергирање, тогаш студентот и БАС потпишуваат договор за студирање, во кој што прецизно е наведена промената на школарината и начинот на студирање.

(8) Студентот има право во текот на студиите да го прекине ваквиот начин на студирање и да се вклучи во една од активните групи на студенти на втор циклус на студии, согласно исполнетоста на условите за негово вклучување.

(9) Во ваков случај студентот започнува да го плаќа редовниот износ на школарината (утврден од страна на Органот на основачи) за предметите кои ќе ги слуша со наставата за студентите на втор циклус на студии и врз основа на промената му се менува и Договорот за школување.

## 3.4. Студирање преку менторирање

**Член 35**

(1) Во случај кога не се создадени основните услови за реализирање на наставата за студентите на втор циклус на студии по одреден предмет (осипување на група, мал број на запишани студенти на предметот или на студиската програма, посебни категории на студенти и сл.), Наставничкиот совет на БАС може да донесе одлука за менторско реализирање на наставата по одредени предмети.

(2) Менторското реализирање на наставата се прави преку реализација на наставата во 3 (три) наставни средби по 3 (три) наставни часа. По завршувањето на наставните средби и завршувањето на наставните и други обврски, студентот се здобива со правото да полага испит и може да поднесе пријава за полагање на испитот. Испитот се полага мин. 1 недела по завршувањето на последната средба.

## 3.5. ЕКТС кредити

**Член 36**

(1) Во согласност со Европскиот кредит трансфер систем, обемот на студиската програма изнесува вкупно 60 ЕКТС кредити.

**Член 37**

(1) Бројот на студиските кредити за одреден предмет се одредува на основа на вкупното оптоварување на студентот (теоретска настава, проектни извештаи, вежби и сл.), времето кое му е потребно на студентот за самостојна работа (домашни задачи, проекти, и слично), како и времето кое е потребно за учење за подготовка за проверка на знаењето и завршното оценување (тестови, завршен испит и сл.). Бројот на кредитите за предметите е определен во студиската програма во рамките на предметните програми.

(2) Студиските програми за втор циклус на стручни студии се вреднуваат со кредити по ЕКТС.

(3) Секој предмет од студиската програма се вреднува со одреден број на ЕКТС кредити.

(4) Студиските програми за втор циклус стручни студии на БАС, содржат задолжителни и изборни наставни предмети.

(5) Изборните наставни предмети студентите ги избираат од листата на изборни наставни предмети на студиската програма.

(6) Изборните наставни предмети сочинуваат најмалку 10% а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредити во студиската програма.

(7) Збирот на ЕКТС кредитите на предметите кои се застапени во листата на изборни предмети на студиската програма е најмалку двојно поголем од бројот на ЕКТС кредити предвидени во натавната програма за изборните наставни предмети.

(8) Секој од изборните наставни предмети носи еднаков број на ЕКТС кредити.

(9) Студиските програми на втор циклус стручни студии во делот на задолжителните и изборните наставни предмети може да содржат и „прозорци за мобилност“, односно наставни предмети чии активности може да се изведуваат и на англиски јазик.

## 3.6. Времетраење на студиите

**Член 38**

(1) Вториот циклус на студии трае 1 (една) година и се вреднува со 60 ЕКТС кредити. ЕКТС кредитите стекнати во БАС соодвествуваат на критериумите на Европскиот кредит трансфер систем - European Credit Transfer System – ECTS.

## 3.7. Проверка на знаењата

**Член 39**

(1) Проверката на знаењето на студентот по наставните предмети се врши во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени (најмногу 100 поени).

(2) За исполнување на обврски за полагање на испитот студентот добива оценка изразена во броеви од 5 до 10, при што оценката 5 означува недоволен успех.

(3) Нумеричкиот систем на оценување се споредува со Европската ЕКТС скала на оценки дадена во табелата подолу:

| **Освоени поени** | **Нумеричка оценка** | **Описна оценка** |
|---|---|---|
| 90 - 100 | 10 | A |
| 80 – 89 | 9 | B |
| 70 – 79 | 8 | C |
| 60 - 69 | 7 | D |
| 51 - 59 | 6 | E |
| 41 - 50 | 5 | Fx |
| 0 - 40 | 5 | F |

(4) Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начин определен од предметниот наставник кој е предвиден во предметната програма која е дел од студиската програма.

(5) Начинот на стекнување на право, пријавување, полагање, следење, оценување, евидентирање и чување на испити на студентите на БАС се утврдени со Правилникот за

начинот стекнување на право, пријавување, полагање, следење, оценување, евидентирање и чување на испити на студентите на БАС кој го донесува Наставничкиот совет на БАС.

(6) Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начин определен од предметниот наставник кој е предвиден во предметната програма која е дел од студиската програма.Начинот на проверување, следење, оценување, полагање и чување на испити, како и роковите за проверување на знаењето на студентите на БАС се уредени со Правилникот за начинот на проверување, следење, оценување, полагање и чување на испити на студентите на Бизнис академија Смилевски – БАС кој го донесува Наставничкиот совет на БАС.

## 3.8. Пријавување на изборни предмети и евиденција

**Член 40**

(1) Студентите имаат право да се одлучат кои изборни предмети ќе ги реализираат во рамките на студиската програма.

(2) Изборните предмети се избираат на крајот од првиот семестар.

(3) Наставничкиот совет на БАС утврдува кои наставни предмети од листата на изборни наставни предмети ќе ги понуди за избор на студентите, согласно студиската програма. Во листата на изборни предмети, Наставничкиот совет може да вклучи и наставни предмети од други акредитирани студиски програми на втор циклус на студии на БАС.

(4) Изборот се прави врз основа на листата на изборни предмети, од став (3) на овој член, на која студентот треба да го означи својот избор и листата да ја достави до Референтите за студентски прашања. Доколку студентот не поднесе листа на изборни предмети, тогаш по службена должност се вклучува во некоја од формираните групи на изборни предмети.

(5) Референтите за студентски прашања врз основа на изборот направен од страна на студентите креираат листа на изборни предмети кои ќе се реализираат во рамките на престојниот семестар.

(6) Настава ќе се организира за оние предмети за кои ќе има група од мин. 5 (пет) студенти.

(7) Доколку студентот се одлучил за некој предмет за кој нема група, тогаш ќе мора да се вклучи во некоја од постоечките групи на изборни предмети. Доколку студентот не се одлучи за промената, тогаш по службена должност студентот се вклучува во некоја од формираните групи на изборни предмети.

(8) Доколку студентот сака индивидуално да направи промена на одлуката за некој/и изборен предмет/и тогаш потребно е да поднесе барање до Наставничкиот совет на БАС не подоцна од 7 (седум) дена пред почетокот на семестарот. Наставничкиот совет одлучува по поднесеното барање, притоа водејќи сметка на намалувањето на бројот на групата на студенти кои ќе го слушаат предметот од кој студентот се откажува.

(9) Доколку група на студенти кои веќе се одлучиле за одреден предмет или предмети сака да направи промена на предметот/тите, тогаш потребно е да поднесе барање до Наставничкиот совет на БАС, но не подоцна од 7 (седум) дена пред почетокот на

семестарот. Наставничкот совет одлучува по барањето на студентите врз основа на разгледување на можноста за покривање на наставата со друг/и изборни предмети.

(10) Доколку студентот слуша изборен наставен предмет кој претходно не го избрал, истиот не му се смета во неговите вкупни остварувања, согласно студиската програма.

## 3.9. Повторно слушање на предмети

**Член 41**

(1) Студентот кој нема да го положи испитот по три неуспешни обиди има обврска повторно да го слуша предметот.

(2) Доколку предметот е од групата на задолжителни наставни предмети, тогаш студентот има обврска предметот да го слуша во наредната студиска година, согласно распоредот на настава.

(3) Доколку предметот е од групата на изборни наставни предмети, студентот има можност да го слуша истиот предмет или да слуша друг изборен предмет од соодветната листа за кој веќе има предвидено настава.

(4) За секое повторно слушање на предмет, поради причините наведени во став (1) на овој член, студентот е должен да уплати соодветен паричен надоместок чија висина се утврдува врз основа на вредноста на кредитите што ги носи тој предмет (бројот на ЕКТС кредитите на предметот се множи со паричната вредност на еден кредит на БАС).

## 3.10. Запишување на семестар

**Член 42**

(1) Запишувањето на семестрот е задолжително за сите студенти.

(2) Запишувањето се врши врз основа информациите од семестралниот лист.

(3) Семестралниот лист се пополнува за секој студент за секој семестар одделно.

(4) Семестралниот лист за втор циклус на студии содржи информации за студентот, место на студирање, за предметите што ги слушал во тековниот семестар (положените предмети, оценките и износот на кредити, како и средниот успех и вкупниот број на освоени кредити), за исполнување на обврските околу специјалистичкиот труд, за исполнување на финансиските обврски согласно Договорот за школување, како и информации за користење на библиотечниот фонд на БАС.

(5) Врз основа на семестралниот лист се утврдува дали студентот има право да продолжи со студиите во наредниот семестар.

(6) Студентот ќе се стекне со правото да слуша и полага предмети од нареден семестар доколку во претходниот семестар има најмалку 21 ЕКТС и исполнети наставни и финансиски обврски за претходниот семестар и има пријавено и усвоено тема и ментор на специјалистички труд.

(7) Студент кој од оправдани причини (за кои приложува доказ) не ги исполнил условите наведени во став (5) овој член, може да запише нареден семестар доколку поднесе барање до Наставничкиот совет на БАС и тоа биде прифатено од негова страна.

(8) Семестралните листи за студентите на втор циклус на студии на БАС се заверуваат непосредно по завршувањето на наставата по предметите предвидени за секој семестар, согласно распоредот на настава за студентите на втор циклус на студии.

(9) Семестралните листи ги пополнуваат референтите за студентски прашања, а истите ги заверуваат со свој потпис референтот за студентски прашања во делот за оценките и освоените ЕКТС кредити (податоци преземени од записниците од испити), одговорното лице за евидентирање на уплатите за школарина на студентите и одговорното лице за библиотеката на БАС.

(10) Запишувањето и заверувањето на семестарот се врши и во индексот на студентот.

### 3.11. Завршување на студирањето

**Член 43**

(1) Студиите од вториот циклус се завршуваат со завршно оценување по сите предметни програми од студиската програма на студентот и изработка и одбрана на специјалистички труд.

(2) Податоците за оценките по предметите од студиската програма се запишани во Личниот картон на студентот, во пријавата и записникот за завршно оценување, во индексот и електронскиот индекс на студентот на образовниот портал на БАС.

(3) За исполнетоста на условите од ставот (1) на овој член, студентот кој ги завршил наставните обрски, согласно студиската програма и финансиските обврски, согласно договорот за школување, доставува барање добивање на уверение за положени испити до Стручната и административната служба на БАС.

(4) Уверението за целосно реализирана студиска програма се издава врз основа на податоците во пријавите и записниците за испити за секоја предметна програма, потпишани од наставникот.

(5) Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите на студиската програма.

(6) Студентот, покрај наставните обврски треба, да ги има завршено и финансиските обврски кон БАС согласно Договорот за школување.

## 4. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

### 4.1. Основни одредби

**Член 44**

(1) Завршен дел од студиската програма на втор циклус на студии на БАС претставува задолжително изработување на специјалистички труд од страна на студентот.

(2) Темите за завршен труд на вториот циклус се избираат од подрачјето на студиската програма од вториот циклус на студии.

(3) Завршниот труд е самостојна стручна работа со која се систематизираат постојните знаења и се придонесува за решавање на проблеми од практиката.

(4) Со завршниот труд студентот обработува одбрана тема со примена на стручни и научни методи и со тоа докажува дека се стекнал со продлабочено знаење од избраната тема и се оспособил за негова примена.

(5) Резултатите во завршниот труд треба да претставуваат придонес за:

1) решавање на актуелна стручна задача, која е поставена како цел на трудот;
2) примена на постоечки стручни достигнувања во решавање на комплексно-стручната задача.

**Член 45**

(1) Завршниот труд треба јазично, стилски и технички да биде коректно обликуван, во согласност со современата методологија, техника и технологија за изработка на публикации содржани во Водич за изработка на специјалистички труд на БАС.

## 4.2. Пријава на наслов и ментор за специјалистички труд

**Член 46**

(1) Студентот поднесува пријава на тема за завршен труд и предлог за ментор на трудот, како и образложение за изработка на специјалистички труд до Наставничкиот совет на БАС.

(2) Наставничкиот совет ги разгледува пријавата и образложението и донесува одлука за нивно прифаќање.

(3) Наставничкиот совет има право да го промени насловот на трудот и/или да назначи друг ментор соодветен на темата што ја предложил студентот.

(4) Одлуката на Наставничкиот совет се доставува до студентот, менторот, досието на студентот и архивата на БАС. Насловот на трудот (на македонски и на англиски јазик) и менторот се објавуваат јавно на образовниот портал и на интернет страницата на БАС.

(5) Пријавата содржи: податоци за студентот, наслов на трудот на македонски и англиски јазик, предлог ментор на трудот и во прилог образложение за изработка на специјалистички труд.

**Член 47**

(1) Студентот има обврска темата за завршен труд и ментор на трудот да ја пријави најдоцна до крајот на првиот семестар.

(2) Студентот кој нема да поднесе пријава за тема и ментор за специјалистички труд и образложение нема да има право да ги слуша и полага предметите предвидени за летниот семестар според студиската програма за втор циклус на студии.

**Член 48**

(1) Во случај да не се создадени потребните услови за изработка на избраната тема за специјалистички труд, тогаш студентот има право да побара промена на насловот и/или менторот на труд.

(2) За случајот од став (1) на овој член, студентот поднесува барање за промена на наслов и/или ментор на специјалистички труд до Наставничкиот совет на БАС. Во прилог на барањето студентот доставува и нова пријава за наслов и ментор на специјалистички труд и ново образложение за изработка на специјалистички труд.

(3) По барањето од став (2) на овој член одлучува Наставничкиот совет на БАС.

## 4.3. Ментор на специјалистички труд

**Член 49**

(1) Ментор на специјалистички труд може да биде наставник од чија област се работи специјалистичкиот труд, по претходно одобрение од Наставничкиот совет на БАС.

(2) За ментор може да биде ангажирано и лице што не е наставник на БАС, а има избор во наставно или наставно-научно звање, согласно областа во која се работи завршниот труд.

(3) Лицата избрани во насловни звања, не може да бидат ментори на специјалистички труд.

(4) Професор на висока стручна школа и редовен професор во пензија не може да бидат ментор или член на комисија за специјалистички труд.

(5) За ментор на специјалистички труд на БАС не може да биде лице кое со лицето кое го брани специјалистичкиот труд е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

**Член 50**

(1) Менторот го води студентот во неговата истражувачка и стручна работа и му дава помош во целокупниот процес на изработка на завршниот труд.

**Член 51**

(1) Еден наставник може да биде ментор на специјалистички труд на најмногу 7 (седум) кандидати годишно.

(2) Избраниот ментор доколку 4 (четири) месеци по неговиот избор за ментор на кандидатот за одбрана на специјалистички труд, утврди дека кандидатот не бележи напредок во изработката на трудот, има право менторството да го стави во мирување. Менторот поднесува Барање за мирување на менторството до Наставничкиот совет на БАС, кој одлучува по тоа барање.

(3) Менторството, кое било ставено во мирување, може да се продолжи доколку менторот, по претходна консултација со студентот, достави Барање за продолжување на менторството до Наставничкиот совет на БАС кој одлучува по поднесеното барање.

(4) Евиденција на бројот на менторствата на годишно ниво води стручната и административната служба на БАС.

(5) Доколку менторот има активни 7 менторства годишно, а има нова пријава за ментор од страна на студент, во тој случај, Наставничкиот совет предложува нов ментор.

(6) Менторот има право да се откаже од менторството врз основа на оправдани причини кои ги наведува во барање поднесено до Наставничкиот совет на БАС кој одлучува по поднесеното барање.

**Член 52**

(1) Менторот на специјалистички труд има обврска финалната верзија на специјалистичкиот труд да ја постави на веб апликацијата за проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, согласно Законот. Извештајот од проверката за плагијаторство се доставува како прилог кон Извештајот од Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

### 5.1. Постапка за формирање на Комисија за оценка и одбрана на специјалистички труд

**Член 53**

(1) Студентот по завршувањето на завршниот труд, ја започнува постапката за формирање на комисија за оценка и одбрана на специјалистичкиот труд, при што до Наставничкиот совет доставува:

1) барање за формирање на комисија за оценка и одбрана на специјалистички труд.
2) кон барањето, од алинеја 1) на овој став, студентот задолжително приложува делумно уверение за положени испити, не постаро од 2 (две) недели;
3) еден примерок од трудот во хартиена форма.

(2) Менторот има обврска да достави до Наставничкиот совет менторско мислење кое ќе содржи информација за исполнетоста на критериумите наведени во образложението на темата, како и предлог на членови за комисија за оценка и одбрана на специјалистички труд.

**Член 54**

(1) Доколку студентот ги исполнил наставните обврски, согласно студиската програма, и финансиските обврски, согласно Договорот за школување, тогаш Наставничкиот Совет на БАС во рок од 30 дена од денот на доставување на Барањето, формира комисија за оценка и одбрана на специјалистички труд од 3 (тројца) членови: претседател и двајца членови,

од кои двајца се од соодветната наставна област. Задолжително еден од членовите на комисијата е менторот кој не може да биде претседател на комисијата.

(2) Член на комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд од претходниот став на овој член, не може да биде лице кое со лицето кое го брани специјалистичкиот труд е роднина по крв по права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна зедница или роднина по сватовство до втор степен.

(3) Членовите на комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв по права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна зедница или роднина по сватовство до втор степен.

## 5.2. Права и обврски на Комисија за оценка и одбрана на специјалистички труд

**Член 55**

(1) По прегледувањето на трудот, комисијата може да му го врати трудот на студентот да го доработи и дополни, како и да определи краток рок во кој студентот треба да ја изврши таа обврска.

(2) Доколку Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд утврди дека е потребно дополнително време за доработка на трудот, во тој случај претседателот на Комисијата има право да поднесе барање до Наставничкиот совет за продолжување на рокот за доработка на трудот во период од најмногу 2 месеци од добиената одлука од страна на Наставничкиот совет.

(3) Комисијата подготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот (краток приказ на трудот: поставена цел, применети методи, добиени резултати и заклучоци од реализираните истражувања), најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на донесување на одлуката за формирање на комисија за оценка и одбрана на специјалистички труд.

(4) Комисијата во извештајот заклучува дали трудот е плагијат или не, врз основа на Извештајот од системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, воспоставен од Министерството за образование и наука на Р. Северна Македонија.

(5) Доколку комисијата утврди процент на плагијаторство поголем од 20% добиен од Извештајот од системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, воспоставен од Министерството за образование и наука на Р. Северна Македонија, во тој случај комисијата има право да му го врати трудот на студентот на понатамошна доработка во рок од најмногу 3 (три) месеци од денот на донесувањето на Извештајот од страна на комисијата за оценка и одбрана на специјалистичкиот труд.

(6) Менторот на трудот е должен заедно со кандидатот да ги преземат сите потребни чекори за преработка, повлекување на трудот од системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, воспоставен од Министерството за образование и наука на Р. Северна Македонија, и повторна проверка на корегираниот специјалистички труд.

(7) Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд, по преземените чекори од став (6) на овој член, доставува до Наставничкиот совет на БАС нов извештај за корегираниот специјалистички труд.

(8) Доколку во извештајот на комисијата од став (7) на овој член се утврди дека трудот е повторно плагијат, во тој случај постапката за оценка и одбрана на специјалистичкиот труд се запира и Наставничкиот совет на БАС донесува одлука со која го задолжува студентот да поднесе нова пријава за наслов и ментор на специјалистички труд.

(9) Доколку Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд не поднесе Извештај за оценка и одбрана на специјалистичкиот труд во предвидениот временски рок, Наставничкиот совет го менува составот на Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд, при што менторот останува како член на комисијата.

(10) Доколку комисијата не го прифати специјалистичкиот труд, студентот мора да поднесе нова пријава за преработка на темата или за избор на нова тема за завршен труд, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на одлуката за неприфаќање на извештајот.

## 5.3. Постапка за прифаќање на Извештај за оценка и одбрана на специјалистички труд и утврдување на датум за одбрана

**Член 56**

(1) Наставничкиот совет во рок од 30 (триесет) дена од приемот на Извештајот донесува одлука за прифаќање или неприфаќање на Извештајот од Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд.

(2) Доколку извештајот е прифатен, на истата седница Наставничкиот совет го определува денот на одбраната, не подоцна од 30 дена од прифаќањето на извештајот, а не порано од 7 (седум) дена од датумот предвиден за одбрана на специјалистичкиот труд.

(3) Доколку Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд даде позитивен извештај, а Наставничкиот совет на БАС не го прифати Извештајот, тогаш ја враќа постапката назад до Комисијата, со цел да се задоволат сите потребни услови за прифаќање на извештајот и определување на датум за одбрана што ги констатирал Наставничкиот совет.

**Член 57**

(1) Одлуката за усвојување на извештајот и датумот за одбрана на специјалистичкиот труд му се доставува на студентот, членовите на комисијата и се објавува на интернет страницата и на огласните табли на БАС.

(2) Менторот има обврска завршниот труд да го постави во базата на специјалистички трудови на образовниот портал на БАС, веднаш по одбраната на специјалистичкиот труд.

# 6. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПЕРИОДОТ ЗА ИЗРАБОТКА И ОДБРАНА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

**Член 58**

(1) Студентот може да го брани завршниот труд најдоцна 2 (две) години од денот донесување на одлуката за усвоен наслов и ментор на специјалистички труд.

(2) По барање на студентот, Наставничкиот совет на БАС може да одобри продолжување на рокот за одбрана на завршниот труд, за времето додека траеле причините за спреченост за работа на трудот, но најмногу до 1 (една) година.

(4) Како оправдани причини, од став (2) на овој член, се сметаат: подолготрајна тешка болест, бременост и породување, отсуство од земјава во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и други оправдани причини за кои ќе одлучи Наставничкиот совет.

(5) Доколку студентот во предвидениот рок (од став 1 на овој член) не го одбрани специјалистичкиот труд, во тој случај студентот ја повторува целата постапка почнувајќи од пријава на наслов и ментор за специјалистички труд.

(6) Доколку и по случајот од став (5) на овој член, студентот во предвидениот рок не го одбрани специјалистичкиот труд, тогаш право на повторно пријавување ќе добие само доколку плати дополнителна школарина во висина на школарината за еден семестар.

(7) Доколку од било кои причини, студентот, менторот или членови на комисијата се спречени да присуствуваат на закажаната одбрана на специјалистичкиот труд, тогаш Претседателот на комисијата треба да поднесе Барање за промена на датумот за одбрана, со наведување на причините за спреченост за нејзино реализирање и нов предлог за датум на одбрана, до Наставничкиот совет на БАС. Наставничкиот совет на БАС одлучува по поднесеното барање.

## 7. ОДБРАНА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

**Член 59**

(1) Одбраната на специјалистичкиот труд  е јавна.

(2) Одбраната на завршниот руд труд се врши на следниов начин:

1) претседателот на комисијата ја отвора постапката за одбрана на специјалистичкиот труд, ги изнесува податоците за студентот, насловот на трудот, времето на изработка на трудот и го претставува менторот;
2) студентот го претставува својот специјалистички труд, со образложение на целта, задачите, методите на изработка, добиените резултати, дискусиите за резултатите, заклучоците и препораките;
3) членовите на комисијата поставуваат прашања и ги коментираат резултатите од трудот;
4) претседателот на комисијата може да им дозволи на присутните да поставуваат прашања или да ги коментираат резултатите од трудот со писмено обраќање до комсијата за оценка и одбрана на специјалистичкиот труд;
5) студентот ги образложува одговорите на прашањата поставени од комисијата;
6) комисијата се повлекува заради донесување на одлука;
7) претседателот на комисијата, по спроведената постапка, му ја соопштува на студентот одлуката на комисијата.

(3) Во текот на одбраната на завршниот труд се води записник од страна на деловниот секретар или референтите за студентски прашања. Записникот го потпишуваат членовите на комисијата.

**Член 60**

(1) По завршувањето на одбраната на специјалистичкиот труд, комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на специјалистичкиот труд.

(2) Оценувањето се врши со две описни оценки: „успешно го одбрани специјалистичкиот труд“ и „не го одбрани специјалистичкиот труд“.

(3) Одлуката за оценка и одбрана на специјалистичкиот труд ја потпишува Претседателот на комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд.

# 8. ВИДОВИ НА ДОКУМЕНТИ КОИ МУ СЕ ИЗДАВААТ НА СТУДЕНТОТ ВРЗ ОСНОВА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА

## 8.1. Диплома и додаток на диплома за завршен втор циклус на студии

**Член 61**

(1) Студентот кој ќе ги заврши сите обврски по студиската програма на втор циклус на студии и обврските кои произлегуваат од договорот за школување, врз основа на евиденцијата што се води во БАС за студентот, му се издава диплома.

(2) Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од втор циклус на студии на БАС и се стекнал со стручен назив.

(3) Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

(4) Дипломата и додаток на дипломата на БАС ја потпишува директорот на БАС и се заверува со сув печат на БАС.

(5) Дипломата и додатокот на диплома му се врачуваат на студентот на свечената промоција на лицата кои завршиле стручни студии на студиските програми на БАС. Промоцијата на завршените студенти ја прави Директорот на БАС.

(6) Правилата и постапките за издавање на дипломи, додаток на дипломи, стручниот назив и други документи за завршени студии на БАС се уредени со Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за додатокот на диплома и на другите јавни исправи на БАС.

## 8.2. Уверение за положени испити

**Член 62**

(1) На студентот кој ќе ги изврши сите обврски (наставни, согласно студиската програма и финансиски, согласно Договорот за школување) по студиската програма од втор циклус на студии на БАС за усовршување или само дел од студиската програма за стекнување на образование му се издава јавна исправа уверение за положени испити

(целосно или делумно), за завршениот дел од студиската програма кое содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

(2) За добивање на уверението студентот поднесува соодветно барање до Стручната и административната служба на БАС.

## 8.3. Други јавни исправи

**Член 63**

(1) Други јавни исправи се: индекс и студентска легитимација.

## 8.4. Звање кое студентот го добива

**Член 64**

(1) Лицето кое завршило втор циклус на стручни студии и се стекално со потребниот број на кредити согласно студиската програма, се стекнува со назив специјалист по одредена струка.

(2) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, називот по завршување на стручните студии од втор циклус е Specialist (Spec.).

(3) Квалификациите кои се стекнуваат со завршувањето на студиската програма од втор циклус стручни студии припаѓаат на ниво VII Б од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво 7 од Европската рамка на високообразовни квалификации.

# 9. АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА

**Член 65**

(1) Административната поддршка на студиите од прв циклус на студии е распределена помеѓу деловниот секретар, односно раководителот на стручната и административната служба и референтите за студентски прашања на БАС.

**Член 66**

(1) Раководител на вториот циклус на студии е Заменик директорот на БАС.

(2) Заменикот директор на БАС во својство на раководител на вториот циклус студии е одговорен за правилноста на целата постапка за избор, оценка и одбрана на специјалистичкиот труд на вториот циклус на студии на БАС, како и за целосното почитување на одредбите од овој Правилник и од Статутот на БАС.

# 10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 67**

(1) За толкување на одредбите од овој Правилник е надлежен Органот на основачи на БАС.

**Член 68**

(1) Овој Правилник влегува во сила и важи за сите студенти запишани на втор циклус на студии на БАС.

(2) Студентите кои се запишале пред студиската 2019/2020 година, студиите ги завршуваат согласно студиската програма на која се запишале.

(3) За студентите од став (2) на овој член од овој Правилник, важат одредбите предвидени во овој Правилник, освен разликите кои произлегуваат од студиската програма на која се запишале.

**Орган на основачи:**

**Проф. д-р Цветко Смилевски**

**Виш пред. м-р Горазд Смилевски**

**Цена Смилевска**